## 13. НОВИ ФАМИЛИИ ОД ЛОЗАТА ЛАЛОШОИ ОД НЕПРОШТЕНО
( Исајлooj, Зафирooj и Ѓорooj или Богдановски)

Од истражувањата на мојот род Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок дојдов до сознанија дека родот бил свештенички и има долговековна традиција во Лешок и околните села на Долни Полог. Како дете, кога учев осмолетка во Теарце имаше деца од Непроштено ( Васка Богдановска, Трпана Божиновска, Благе Богдановски, Веселеин Атанасовски и др. ученици. Овие деца беа од различни родови. Васка беше од Лалошои, Веселин од Пачаврои и т.н.

Од децата од другите класови слушав дека се од родовите: Петкои, Аџиини, Терзиини, Ѓоргои, Љамеи, Дубљаноој, Ќулавкови, Милованоој, Пачаврои, Зафирои, Кокалои, Бојкои, Манојлеej, Шердooj, Јанкои, Војнои и други.

Кога почнав да трагам по податоци и лица за мојот род Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци дојдов до различни податоци од разни лица, како и од неколку книги, што ме наведе да трагам уште подетално и подлабоко, за да направам генеалогија на родот Лалошои, но, нажалост посебна книга за Непроштено не сум сретнал. Знам дека учителот Цене Атанасовски од родот Пачаврои од Непроштено собирал разни податоци и фотографии за Непроштено, но, не му беа публикувани. Тој ми даде некои материјали, фотографии и податоци за Непроштено и јас сум му бескрајно благодарен.



(Учителот Цене Атанасовски од Пачаврooj од Непроштено ме посети на работа во Тим Консалтинг)
(The teacher Cene Atanasovski - Pacavrooj , Neproshteno in my office in Team Consulting)

Така, го направив родовското стебло-Пирамида на родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок и на лозата на Лалошои во Непроштено, ги внесов во табела бр. 1 и Табела бр. 2 и 2-а, како и Табелите бр. 3 до 29 ( Види: Табели бр. 1 до 34 ).

Лозата на Лалошои од Непроштено има вкупно 374 лица, додека од родот на Лалошои од Лешок има 1254 лица од вкупно 1645 лица на целиот род Лалошои.



(Непроштено, 2003, Пред куќата и Тетовските јаболки од вредните раце на Непроштенци)
(Neproshteno, 2003, In front of the house and Tetovo's apples of the people from Neproshteno)

Со моите истражувања осознав дека од родот на Лалошои од Лешок се преселил во Непроштено Левко (04) и така се создала лозата на Лалошои во Непроштено. Подоцна од фамилијата на Дамјанови од родот Лалошои оди за домазет Биљбиљ( 39) во Слатина и се ствара втора лоза на Лалошои, но, сега во Слатина. Значи, најпрво се создале лози на Лалошои во соседните села Непроштено и Слатина, што е најнормално. Подоцна родот Лалошои ствара нови лози во Тетово, Ѓорче Петров, Скопје, Софија, Белград, Риека и други места. Од стариот род Главинои се издвојува лоза на Глајнои во Варвара и истата е дел од родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок. Значи, нашиот голем свештенички род Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок, пуштил лози во трите соседни села Непроштено, Слатина и Варвара, а денес е проширен и во скоро целиот Долни Полог со Тетово, потоа во Скопје, Ѓорче Петров и многу други места во Македонија, Балканот и во Светот.

За првите почетоци кои се задржале во усната меморија на родот Лалошои подетално се задржувам во неколку поглавија на книгата и тука не би коментирал ( види: Табела бр.1 и 2 и 3 до 34, како и поглавието под 10 и 11 од оваа книга).

Левко(04) заминал во Непроштено и имал син Трипун( 08), кој имал син Мојсо(17) и така се создала лозата на Лалошои во Непроштено, која до денот на пресекот на собирање податоци брои 374 лица. Јас имам уште нови лица прибрано, но, тие не се обработени.

Мојсо(17) имал три сина Исаил(32), Богдан(33) и Зафир(34) и од нив се создаваат нови фамилии на лозата на Лалошои од Непроштено и тоа: Исајловски, Богдановски и Зафировски.

## 13. 1 Фамилија Исајлооj ( 32) односно Исајловски, Непроштено

Потомци на Исаил од лозата од Непроштено, Јас, евидентирав и обработив 67 лица-потомци, кои се искажани во Табела бр. 16-а, а други податоци може да се видат и во другите табели, а особено во Табела бр. 26, 27, 28 и 29 на крај од книгава (види: Табела бр. 1, 2, 4, 14, 16-а, 16-г, 26, 27, 28 и 29).

Исаил(32) имал два сина: Коце (97) и Божин (98),

Коце (97) имл три деца: Блаже(191), Ана(192) и Доца(193).

Коце (97) имал син Трипун(706) и ќерка Дука(707). Коце има два сина Злате Исајловски (1295), забар во Јегуновце и Љупчо работи во Пластика Тетово. Љупчо е маж на Илијана Атанасовска од Лешок, кој почина во 2005 година.

Доца(193) има синови Живко и Иван. Иван со сопругата Анѓелина од Јелошник имаат син Стојко Бојовски (1305), кој е лекар интернист во Здравствен дом Тетово и ќерка Дука.



( Црквата Св. Архангел Михаел во Непроштено)
( The church Michaelmas Day in Neproshteno)

Божин (98) го посинил Андре(296) од Призрен и има 4 деца: Аце(711), Симе (712), Убавка(713) и Ружа (713).

Аце(711) има 3 деца: Грозда,Сунца и Андреа.

Симе(712) има фурна во Оџаци, Апатин и има ќерка Добрица во Батајница, Белград и син Добре во Сремчица, кој е адвокат.

Убавка(713) живее во Осиек и има ќерка Светлана во Тетово и син Крсте кој има фурна во Осиек.

Ружа (713) работела во Техномаркет, мажена за Миле од Варвара и има син Бране и ќерка Бети.

13.2. Фамилија Богданooj (33) односно Богдановски , Непроштено

Потомци на Богдан од лозата од Непроштено, евидентирав и обработив 225 лица, кои се искажани во Табела бр. 16-б. Други податоци може да се видат и во другите табели, а особено во Табела бр. 26, 27, 28 и 29 на крај од книгава (види: Табела бр. 1, 2, 4, 14, 16-б, 16-г, 26, 27, 28 и 29).

Вториот син на Мојсо(17) бил Богдан(33)

Богдан(33) има 6 деца: Јован(99), Спасо(100), Ано(101), Петре(102), Тоде(103) и Димо(104).

Јован(99) има 3 деца: Столе(297), Цвета(298) и Симка(299)

Столе(297) имал 4 деца: Томче, Даница, Убавка и Борис.

Томче бил пекар и со Смилка од Роотинце имаа два сина Раско Богдановски кој работи како директор во Медицинска Пластика Тетово и Љупчо Богдановски е професор и има завршено ДИФ.

Даница Божиновска живее во Стара Пазова и со мажот Славе од Непроштено имаат две ќерки Славица и Љубица.

Цвета(298) има 5 деца: Невенка (719), Анѓа(720), Јован(721), Косте(722) и Никола(723). Невенка е мажена во Теарце и има 3 деца: Благица, Светлана и Жарко. Анѓа е мажена за Цветко Михајловски од Непроштено, кој е еден од 12 -те киднапирани од УЧК во 2001 година и имаат два сина Љупчо и Ванчо. Јован Петровски живее во Тетово и има две ќерки Наташа и Ивана. Косте живее во Непроштено и има ќерка Летка и син Дејан и Никола Петровски живее во Скопје и има син Сашо и ќерка Зорица. Инаку, Никола бил инвалид и не сакаше да ми даде податоци за фамилијата.

Симка(299) е мажена за Ангеле од Варвара, живеат во Свиштоф Бугарија и имаат 4 деца: Убавка(724), Ана(725), Косто(725) и Боге(727). Убавка живее во Силистра, па, се сели во Ловеч, Бугарија и има дете Лале (1333). Ана живее во Свиштов и после во Трново, Косто Кочев живее во Лавриќ кај Трново, е рудар во пензија и живее во с. Орешак област Ловешка и има две деца едното се удавило и другото се вика Ангел, а кој има син Красимир и Боге-Боби живее во Лавриќ кај Трново има три ќерки (тел. 00 359/ 631-263030. За лицата во Бугарија многу добро знае братучедот Јован кој работи на бензинска пумпа кај Тетекс во Тетово (тел. 044- 339-006-на работа).

Спасо(100) има две деца Ецо (300) и Пенка(301). Ецо има син Иван кој живее во Силистра и ќерка Славјанка која живее во Софија и има два-три бракови. Иван-Вано Ецов Спасов има ќерка Кате, која има две ќерки Десислава и Мими и живее на ул. Патријарх Дамјан бр-2-а Силистра.

Ано(101) има 8 деца од два брака: Живко(302), Нада(303), Фролика(304), Доца(305), Менча(306), Кона(307), Коцана (308) и Гора (309). Живко има три деца: Богдан, Петранка и Виолета, Нада има две деца: Мирјана и Васко, Фролика има две деца: Никола и Славјанка, Доца ги има: Чедомир, Љубица, Борка и Верка, Менча ги има: Илија Аврамовски од Непроштено, Боце Кочовски во Ванкувер и Аврам

Аврамовски во Винипек, Канада, Кона има 6 деца: Живка, Ратко, Душко, Натка, Ристана и Васко. Коцана ги има Блашко и Душко и Гора има 6 деца: Мирослав, Бора, Симка, Звезда, Здравко Василевски живее во Цепчиште и има син Новица и ќерка Андријана и Вукашин живее во Цепчиште и има две ќерки: Кристина и Горица. Мирослав Василевски многу убаво пее селски песни и неколку пати беа на МРТВ со други соселани од Цепчиште. Здравко Василевски од Цепчиште учествуваше во собирање и пишување материјали во книгата на Здружението Лешок, од Скопје, Лешок и соседните села (извор: ред. бр. 2).

Мирослав живее во Цепчиште и со сопругата Златка имаат ќерка Елизабета и син Горан. Инаку, Мирослав и неколку лица од Цепчиште и во соработка со Симеон Златев Моне кој е сопственик на Најмалиот музеј на Светот во Цепчиште неколку пати имаат пеено за МРТВ. Воедно, сакам да напоменам дека Симеон Златев Моне има напишано и збирка на песни: Етно бројаница и многу убаво се поклопуваат народните песни кои ги пеат Мирослав и неколку луѓе од Цепчиште во амбиентот на Музејот на Моне во Цепчиште ( извор: ред. бр. 25).

Петре(102) има 4 деца: Тода, Ѓоре, Звезда и Атанас. Тода е мажена во Жилче и има две деца: Трпе и Боге Блажевски. Ѓоре е во Париз и има три деца: Дракче, Борка и Душица. Дракче е во Париз и има два сина Александар и Валентин, а Борка со Тони имаат две ќерки: Драгана и Оливера. Звезда Михајловиќ има маж од Вратница и живеат во Белград и имаат три деца: Ратко и две ќерки Лела со децата Марко и Мароја и Вера со децата Игор и Јовица. Атанас е во Радуша, па се селат во Детроит и има три деца: Никола со децата Виолета и Небојша, Јелица Ваневска со двата сина Бобан и Јовица.

Тоде (103) има три деца: Александар кој има две ќерки Таса и Анѓа и син Перо и две ќерки Вела во САД и Зугра со ќерките Сузана и Летка. Анѓа е мажена за судијата Миќо Гајдаџиев, од Егејска Македонија со кого учев во Гимназија.

Димо (104) има три деца: Стефан(317), Зако(318) и Стефанка(319).

Стефан(317) има 5 деца: Илинка, Стеванка, Вучко, Цена и Васка. Илинка е во Тетово и има две деца: Марина и Новица, Стеванка е во Белград и има две деца: Биљана и Владица, Вучко Богдановски е во Непроштено и има син Дарко и ќерка Соња, Цена е мажена за Живко од Непроштено и има два сина Небојша и Благоја и Васка Богдановска ( Прдлева) е правник и мажена во Валандово и има син Атанас. Со Васка заедно учевме во Осмолетка и во Гимназија.

Зако (318) има три деца: Јордан, Јово и Грозда. Јово живее во Непроштено и има 5 деца: Сузана, Мира, Зорица, Славко и Дејан. Славко Богдановски е женет со Јасминка Богдановска од Крајчеј од Непроштено, која е учителка во Лешок и имаат три деца: Андријана, Јована и Јован.



(Јасмина Богдановска од лозата Лалошои од Непроштено, учителка во Лешок)
(Jasmina Bogdanovska of the kin Lalosoi- Neproshteno, teacher in Lesok)

Стефанка(319) е мажена во Теарце и има пет деца: Драгица, која е мажена во Глоѓи и има ќерка Олгица-лекар, потоа Живко, Живка, Борко и Грозда, која е мажена во Тетово и има син Зоран.

13. 3. Фамилија Зафировски (34 ) односно Ѓорooj ( 105 ), Непроштено

Потомци на Зафир од лозата од Непроштено, имам евидентирано и обработено 81 лица-потомци, кои се искажани во Табела бр. 16-в, а други податоци може да се видат и во другите табели, а особено во Табела бр. 26, 27, 28 и 29 на крај од книгава (види: Табела бр. 1, 2, 4, 14, 16-в, 16-г,26, 27, 28 и 29).

Третиот син на Мојсо (17) од лозата на Лалошои од Непроштено е **Зафир(34**), кој има само еден син **Ѓоро(105).**

Ѓоро(105) има 10 деца од правата жена 5 ќерки и од втората 5 сина и тоа: Трпана(320), Јошка(321), Василка,(322), Коцана(323), Цонка(324), Трпуш(325), Атанас(326), Велко(327), Љубомир(328) и Ристо(329). Трпана се мажи во Палчиште и ги има Спасо и Костадин, Јошка се мажи во Брвенце и ги има Борко, Илко и Богдан, Василка се мажи во Јегуновце, Коцана се мажи во Палчиште и ги има Митре и Атанас.



( Внатрешен дел од воденицата на Вукче Зафировски од Непроштено)
( Part of the Vukce Zafirovski's water – mill -Neproshteno)

Трпуш(325) има две деца Драго кој е во Детроит и има син Дејан и ќерка Јасмина. Јасмина е мажена за Славко Коцевски од Лешок од родот Лалошои, живеат во Детроит и имаат две деца Роберт и Александра. Драгица живее во Тетово и има три ќерки: Летка, Љупка и Даниела. Петко Зафировски е пензионер од Тетовска банка и има ќерка Адријана и син Денис.

Атанас(326) живее во с. Мартинци, кај Зрењанин и има три деца: Вукица, Вукче и Зоран. Вукица има две деца: Љиљјана и Дејан, Вукче Зафировски живее во Непроштено и има син Бране и ќерка Бранкица и Зоран има три ќерки: Дивна, Биљана и Бојана.



( Пред својата воденица Вукче Зафировски од Непроштено)
(In front of his water-mill,Vukce Zafirovski - Neproshteno)

Велко(327) има 4 деца: Милица, Боривое, Даница и Ангелина. Велко има воденица и денес. Милица е мажена во Глоѓи и има два сина: Јован и Мише, Боривое живее во Непроштено и има три сина: Благоја, Славе и Веле. Благоја Ѓорговски има три деца: Ивона, Душица и Мартин, Славе има деца: Боре и Бојан и Веле има две деца: Викторија и Филип. Даница е во Германија и има две деца: Борко и Борка.

Љубомир(328) има две деца: Ѓорѓи и Донка. Ѓорѓи Зафировски живее во Непроштено и има 4 деца: Љупка, Светлана, Гордана и Горан. Донка живее во Детроит и има ќерка Евица и син Благојче.

Ристо Зафировски односно по бугарски Зафиров(329) живее во Габрово, Бугарија и има две ќерки Љиљана и Дијана. Љиљана живее во Канада и има син Христо, а Дијана живеа во Габрово и има син Павел-студент.

Би укажал дека 355 лица од целиот род Лалошои се отселени во странство, или 21,5%, што е секако голем процент. Во овој број од 355 лица во дијаспора не сум ги разграничил лицата од Лозата од Непроштено, но, истите може да се најдат во Табелата бр.26. При ова, би укажал дека најголем процент 27,5 % се отселени во Србија, потоа 14% во САД 21,9%, Бугарија 14,33% и Германија 11,8% и Канада 7,58%. (види:Табела бр.26).

Секое лице по АБЦДА, по колена и по реден број е искажано во Табелите бр.4 и 16 и многу лесно може да се најде во оваа книга.

На крајот од овој текст би сакал да укажам дека лозата Лалошои од Непроштено детално е прикажана во Табелите бр.1, 2 ,4, 14, 16, 16-а, 16-б, 16-в, 16-г, 26, 27, 28 и 29 ) и секој читател или потомок на оваа лоза може подетално да ги анализира и проучува, открива грешки и недостатоци и да ги дополнува и корегира. Се извинувам за грешките, за што примам сугестии и корекции на E-mail: spiroski@t-home.mk .




(Крстот и Сонцето и Богородица-Пречиста вековни симболи на Поповската Фамилија СПИРОСКИ (Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци ) од Лешок )
(The cross and Sun and Holy Virgin-Precista centuries-old symbols of the Kin SPIROSKI ( Onufrievski-Lalosoi-Glavinoi-Byzantines) from Lesok )




(Фамилијата Исајловски од родот Лалошои од Непроштено)
(Family Isajlovski of the kin Lalosoi - Neproshteno)